УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ
КАТЕДРА ЗА КРИМИНАЛИСТИЧКИ НАУКИ

Ул.Идризово бб – 1000 Скопје Поштенски фах 103 Тел. +389 (2) 2546-211
Факс. +389 (2) 2545-070

# ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ СКОПЈЕ

## ВОВЕД

Во согласност со роковите и активностите, а во координација и според насоките добиени од телата на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Комисијата за евалуација на единицата Факултет за безбедност-Скопје изготви Извештај за самоевалуација на Факултетот за безбедност-Скопје. Комисијата, формирана со Одлука бр.0701/208 од 25.9.2014 година, одлука бр. 08-5147/1 од 22.10.2015 година, е во состав: вон. проф. д-р Марјан Николовски – претседател, вон. проф. д-р Искра Аќимовска Малетиќ - член, доц. д-р Весна Стефановска - член, доц. д-р Раде Рајковчевски – член, доц. д-р Наташа Јованова – член, доц. д-р Ице Илијевски – член и Маја Николовска – претставник од редот на студентите – член, која подоцна беше заменета со Ангела Мицевска - студент. Со оглед дека факултетот делегираше претставник во универзитетската комисија формирана за истата цел, факултетската комисија постојано беше во координација и добиваше поддршка од истиот. Комисијата за евалуација на Факултетот за безбедност-Скопје ја препознава важноста на извештајот како релевантен и референтен показателза актулените состојби во единицата и за нејзините развојни можности. Покрај тоа, извештајот има исклучива важност во целокупната слика за универзитетот, во поглед на оценувањето, рангирањето и конкурентноста на Универзитетот “Св. Климент Охридски”-Битола во иднина.

Извештајот претставува официјален документ за резултатите од самооценувањето на севкупното работење на институцијата за периодот од 15.9.2012 година до 31.12.2016 година, добиени преку прибирање на податоци врз база на анкетен прашалник, анализа на документи и интервјуирање. Комисијата ја започна својата работа кон крајот на октомври 2015 година по добиеното*Упатство за определување на индикаторите на квалитет на високообразовната дејност на Универзитетот „Св. Климент Охридски” – Битола* со анекс табели за целата единица за секоја од последните три години и за секоја студиска програма од прв, втор и трет циклус на студии одделно. Поради обемот на бараните податоци беа вклучени речиси сите стручни служби на единицита. На 28.10.2015 година од страна на претставници на Универзитетот беше спроведен анкетен прашалник за целиот наставен кадар на Факултетот за безбедност – Скопје, како дел од процесот на самоевалуација во рамките на Универзитетот. Анкетата беше спроведена кај студентите од втора, трета и четврта година, на прviот циклус на студии. Притоа, Комисијата за евалуација на Факултетот

за безбедност ги обезбеди неопходните услови за непречено и успешно спроведување на планираната анкета.

Во текот на собирањето и пополнувањето на податоците Комисијата констатира дека во дадените упатства има недоволни информации и нејасни насоки за пополнување на табелите, поради што често имаше комуникација со одговорното лице на Универзитетот. Надминувањето на проблемите се одвиваше на ад хок основа, а во тие условисе јавија одредени празнини, различни толкувања и неусогласености во пополнувањето на табелите.

Оттука, извештајот ги отсликува состојбите и проблемите со кои се соочи факултетската комисија во сите фази на нејзината работа, но изобилува и со решенија при пополнувањето на податоците произлезени од координацијата и комуникацијата со универзитетското тело формирано за истата цел.

## ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЕДИНИЦАТА

Факултетот за безбедност – Скопје е најстара и најреномирана високообразовна институција од областа на безбедноста во Република Македонија и прв факултет од областа на безбедноста во поранешна СФРЈ. Основан е во 1977 година, а од 2004 до 2008 година работи под називот Полициска академија. Врз основа на позитивните мислења кои во име на основачот, Собранието на Република Македонија ги дадоа Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи, Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола, на седницата на Сенатот од 16 септември 2004 година, едногласно ја прими Полициската академија од Скопје за редовна членка на Универзитетот.

Со донесување на Законот за формирање високообразовна установа Факултет за безбедност во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола во 2008 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 81/2008), Факултетот за безбедност од Скопје стана правен следбеник на Полициската академија, која беше единица на Универзитетот „Св. Климент Охридски" од Битола од 2004. Согласно законската и подзаконската регулатива Факулетот за безбедност – Скопје во рамки на организациската структура се наоѓаат*деканот* со *продеканите* за настава, финансии и меѓународна соработка, *Деканатската управа* и *Наставно-научниот совет.* На Факулетот за безбедност – Скопје постојат следните катедри: Катедра за општественополитички и правни науки, Катедра за кривично-правни и криминолошки науки, Катедра за криминалистички науки, Катедра за безбедност и приватна безбедност и Катедра за полициски науки. Исто така во организациската структура на Факултетот се секретар, референт за правни работи, Студентски прашања, Архива, Одделение за материјално финансиско работењеи Библиотека.

Вкупниот затворен простор со кој располага Факултетот за безбедност – Скопје во тврда градба изнесува 6491,29m$^2$За одвивање на наставни активноститеповршината изнесува 3230,98m.$^2$ Административно- техничкиот простор изнесува 1351,8m.$^2$ Факултетот располага со амфитеатри, современи училници-кабинети, специјализирани компјутерски училници за современи стратегии на учењето, методичка лабараторија, дидактичка работилница, лабараторија за изучување на јазици, проектори, табли, видео бимови, платно, безжичен пристап до интернет, компјутери и друга потребна опрема за современа едукација. www.fb.uklo.edu.mkе постоечката веб страна на Факултетот за безбедност – Скопје. Веб страната содржи информации за Факултетот (мисија, локација, организација, активности, најнови вести, соопштенија), информации за образовниот систем, наставната програма и наставниот кадар. Со помош на оваа страна студентите можат да се информираат за нивните активности, задолженија, резултати и исто така да дојдат до општи информации за начинот на студирање, уписите,

распоредот на часови и распоредот на испити. Страната има посебно мени во кое се сместени проекти, конеференции, соработка помеѓу Факултетот за безбедност и други институции.
На Факултетот за безбедност – Скопје се одвиваат студии од прв, втор и трет циклус.

На првиот циклус на студии акредитирани се пет студиски програми и тоа: Студиска програма криминалист, Студиска програма безбедност, Студиска програма по криминологија и криминална политика, Студиска програма по безбедност и финансиска контрола и Студиска програма по безбедност и евро-атлански интеграции.Првиот циклус на студии на студиската програма *Криминалист* траат четири години (осум семестри) и со неговото завршување студентите стекнуваат 240 ЕКТС кредити. Во рамките на студиската програма Криминалист постојат пет насоки кои се избираат во завршната година на студии и тоа: криминалистичко-криминолошка насока, полициско-оперативна насока, безбедносна насока, безбедност во приватниот сектор и насока меѓународна безбедност. Студентот кој завршил академски студии од прв циклус на универзитетски студии на студиската програма Криминалист се стекнува со диплома – дипломиран криминалист. Составен дел од дипломата е додаток на диплома. Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на првиот циклус на академски универзитетски студии на студиската програма Криминалист е bachelor of criminology.

Студиската програма по *Безбедност* е во траење од 4 години, односно 8 семестри. Студентот со дипломирањето се стекнува со 240 ЕКТС кредити. Студиската програма по Безбедност на студентите им нуди можност за специјализирање на нивните знаења во рамките на три потесни подобласти на безбедноста: Управувањето со кризи, Националната безбедност и Интегралната безбедност. Потесното насочување во насоките на студентите е од петти семестар. Во рамки на сите насоки (студиски години), студентите реализираат практична и клиничка настава во соодветните институции во државниот и приватниот сектор.

Студиската програма *Криминологија и криминална политика* е во траење од четири години, односно осум семестри. Студентот со дипломирањето се стекнува со 240 ЕКТС кредити. Програмата е конструирана на начин да обезбеди: основно знаење и разбирање за основите на општественото уредување, безбедносниот систем, криминалната политика, криминологијата, казнено-правниот систем (правосудството, полицијата и системот на извршување на санкции), знаења за феномените на организиран криминал, корупција, перење пари и финансирање тероризам, коишто претставуваат едни од најсложените предизвици со кои се соочува современата оппштествена наука, а за чие што спречување и сузбивање во нашата земја постојат посебни институции и организациони целини, како и за методологијата на истражување (**задолжителните предмети на додипломските студии**), специјализирани знаења за посебните видови криминалитет (организиран криминалитет, економски, еколошки, сообраќаен, малолетнички), знаења за поспецифични области од интерес на студентите (**изборните предмети во рамките на трите студиски години**), како и продлабочени знаења за посебни области во рамките на поширококата криминолошка област (**предмети од посебните насоки во четврта година**). Предвидени се четири (4) насоки во четврта година на студии: Теоретска криминологија и истражување, Криминална политика и превенција, Виктимологија и ресторативна правда и Социјален и психолошки третман на девијантните однесувања.

Студиската програма Криминологија и криминална политика е препознатлива, односно е споредлива со повеќе студиски програми на високообразовни институции во земјите на Европската Унија што создава претпоставки и услови за мобилноста на студентите, како во текот на нивното студирање, така и во однос на можноста за нивно перспективно вработување во овие земји и нивните институции.

Првиот циклус на студии на студиската програма *Безбедност и финансиска контрола* траат три години (шест семестри) и со неговото завршување студентите стекнуваат 180 ЕКТС кредити. Студентот кој завршил академски студии од прв циклус на универзитетски студии на студиската програма Финансиска контрола и безбедност се стекнува со диплома – дипломиран по финансиска контрола и безбедност. Составен дел од дипломата е додаток на диплома. Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на првиот циклус на академски универзитетски студии на студиската програма Безбедност и финансика контрола е bachelor of criminology. Во текот на трите академски години (2012/2013, 2013/2014 и 2014/2015 година) кои се предмет на евалуација, оваа студиска програма е во мирување, односно не се врши прием на нови студенти.

Студиската програма по *Безбедност и евроатлантски интеграции* е во траење од 4 години, односно 8 семестри. Студентот со дипломирањето се стекнува со 240 ЕКТС кредити. Студиската програма ќе овозможи квалификации на студентите за работа во научно-истражувачки институции, меѓународни владини и невладини организации, национални владини, неввадини, консултантски институции. Студентите ќе се здобијат со знаења и вештини за работа во институциите на ЕУ и НАТО.

Студиската програма по Безбедност и евроатлантски интеграции е препознатлива, односно е споредлива со студиски програми на високообразовни институции во земјите на Европската Унија, особено со земјите кои се наоѓаат во постинтегративниот мониторинг и земјите аспиранти за членство во ЕУ и НАТО. Тоа создава претпоставки и услови за меѓународна соработка, размена на искуства и добри практики, помош во спроведување на научно-истражувачки проекти и мобилност на студентите. Меѓутоа, и покрај тоа што наведената студиска програма е акредитирана од одборот за акредитација при Министерството за образование и наука, досега не е одобрена бројка за упис на студенти во текот на извештајниот период.

На Факултетот за безбедност – Скопје се спроведуваат студии од втор циклус на следните студиски програми: *Криминалистика, Безбедност и финансиска контрола, Форензички науки и Меѓународна безбедност*. Основна цел на студиите (за стручно и научно усовршување – прв степен, и мастер – втор циклус на студии од областите на криминалистиката, е поставување на национален систем на образование што ќе бидекомпатибилен со меѓународно признатите стандарди во тие области. Посебна цел на студиите е оспособување на високостручни и компетентни кадри за работа во институции и служби од соодветната област, како и научно-истражувачка и наставнообразовна работа во областа на криминалистичко-криминолошките и безбедносните науки. Општата или глобална цел на студиите по Безбедност и финансиска контрола е следната: да се развие, да се прошири и да се унапреди знаењето од економските, безбедносно-криминалистичките и кривично-правните науки и да се поттикне практичната примена на ваквите знаења. Посебната цел претставува: едуцирање на кадри кои ќе бидат вклучени во реформирањето на финансискиот систем, царинскиот систем, даночниот систем и безбедносниот систем, согласно стандардите на Западноевропските земји, со цел успешно спроведување на Евро-Атланските интеграции и успешно егзистирање на РепубликаМакедонија во истите ( ЕУ, НАТО и друго).

Исто така, на Факултетот за безбедност се спроведува трет циклус студии - докторски студии по *Безбедност*. Општа цел на студиската програма е запознавање со современите сознанија во областа на науката за безбедноста и продлабочено усвојување на теоретските и истражувачките дострели, коишто на докторантите ќе им овозможат објективно, критичко и систематско следење и проучување на безбедносните појави и проблеми. Профилирани цели на студиската програма се: усвојување на надградена методологија при истражување на појавите и процесите во

областа на безбедноста, оспособување за креирање и самостојно реализирање на научно-истражувачки проекти, практично оспособување и усовршување за примена на соодветни постапки и методи при проучувањето на конкретни појави и процеси и запознавање со етичките норми при практикувањето на научно-истражувачката работа.

Студиската програма е обликувана од пет модули, коишто се именувани според припадноста на носечкото подрачје: Модул – Криминологија, Модул – Криминалистика, Модул – Полициски науки, Модул – Безбедност и Модул – Меѓународна безбедност. Дел од предметите, студиските семинари и активности во првите три семестри имаат општо значење и се задожителни за сите модули. Секој модул има еден задолжителен предмет и можност за избор на три од пет понудени предмети. Со изборот на задолжителниот предмет на модулот, студентот се определува во рамките на тој модул да ги реализира натамошните студиски обврски.

## АНАЛИЗА НА ЦЕЛОКУПНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЕДИНИЦАТА

## ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ИЗВЕДУВАЊЕ

Во делот на организациското управување и водење политики од страна на органите на управата на Факултетот за безбедност, како и од другите тела и органи посебно се разгледани организационата поставеност и човечките ресурси на Факултетот, финансиското управување, развојот и квалитетот на политиките на управување, на подобрување на меѓучовечките односи, како и на подобрување на квалитетот на услугите спрема вработените и спрема студентите од сите циклуси.

I.Во однос на **позитивните страни** и аспекти на управување, посебно се истакнуваат:

**Можност за индивидуален и колективен развој во научната образовна и истражувачка работа.** Факултетот за безбедност – Скопје, имајќи ги предвид научните полиња и области кои ги покрива отвора и нуди можности, како за индивидуален развој на наставниот и соработничкиот кадар во областите кои ги покриваат, така и за проширување на образовните знаења и вештини кои можат да ги стекнат студентите на Факултетот. Тоа е овозможено преку акредитирање на нови студиски програми на трите цилуси кои се во согласност со актуелните светски програми и образување кадри од слични профили.

Исто така, можноста за подобрување на англискиот јазик преку овозможување бесплатен курс и добивање сертификат во согласност со стекнатиот степен на знаење е во согласност со барањата и потребите за солидно познавање и користење на англискиот јазик на вработените. Тоа ќе овозможи подобрување на квалитетот на творечката работа на наставниот кадар за објавување трудови во меѓународни научни списанија, како и на презентациите на трудовите на меѓународни конференции во земјата и во странство. Таквата политика за усовршување на странскиот јазик треба да се поддржи и овозможи во континуитет.

**Создавање можности за подобрување на меѓучовечките односи.** Градење политика за подобрување на меѓучовечките односи преку организирање заеднички дружења,активности за градење доверба помеѓу вработените преку совремни методи и техники на градење на тим, пригодни прослави по повод одредени поводи или

празници и слично. На тој начин се зголемуваат заедничките средби и комуникации меѓу вработените за подобрување на нивните меѓусебни односи.

**Подобрување на системот за електронско водење на досиејата на студентите.** Воведувањето на системот за електронски сервис на студентите го подобрува системот на електронско водење на досиејата на студентите, како на поднесените пријави, така и на положените, односно неположени испити. Можноста да се внесуваат оцените на студентите овозможува полесно следење на нивниот статус поврзан со конкретните предмети и намалување на можностите од евентуални злоупотреби. Исто така, можноста електронски да се пријавуваат испитите ја олеснува работата на службата за студентски прашања, за полесна статистичка обработка на податоците и за полесно следење на електронското досие на студентите.

**Подобрување на материјално-техничките услови.** Овозможувањето на персоналот да добие преносен компјутер и печатар во работните простории значителна мера ги подобрува работните услови, имајќи предвид дека тие се основни средства за работа во рамките на наставната и научно-истражувачката работа. Во дополнение, подобрени се и другите работни услови, односно стариот канцелариски инвентар е заменет со нов, со што се создава подобрена средина и атмосфера за работење.

**Зголемување на човечките капацитети.** Со оглед на околноста што Факултетот за безбедност, одреден период се соочуваше со ограничени човечки ресурси во рамките на административната служба (финансиска, правна и друг помошен персонал), пред се поради завршување на работниот однос на одредени вработени и исполнување на пензинскиот стаж, во последните години е направен обид за зголемување на бројот на ангажирани лица, односно ангажирани се дополнителни лица во одделението за материјално финансиско работење и правната служба. Исто така, дел од ангажираните кои имаа склучено договор за дело, засноваа редовен работен однос на Факултетот за безбедност-Скопје. Со зголемување на капацитетите на тие служби, создадени се услови за подобрување на нивното работење. Покрај тоа, во континуитет се напорите на управните органи за сите лица кои се ангажирани по договор да засноваат редовен работен однос.

II. Во натамошната работа и водење политики на управување, Факултетот за безбедност и посебно, неговите управни органи се соочуваат со одредени **предизвици**, од кои дел се предмет на постојано разгледување и подобрување, а дел треба да се вградат во понатамошните политики. Тие се однесуваат на следново:

**Систем на внатрешна евалуација за задоволството од работата и поставување јасен методолошки инструментариум за евалуација на наставниот кадар.**

Управата на Факултетот, за согледување на ставовите на персоналот за задоволството од работа и за подобрување на политиката на управување би требало да постави соодветен систем на согледување на ставовите, нивна оцена и евалуација.

Дополнително, во последните години на Факултетот за безбедност се организирани, реализирани и јавно презентирани и објавени резултатите од неколку **научно-истражувачки проекти со особено учество на студентите од сите циклуси на студии**.

Бројот на **собири (конференции, симпозиуми, семинари и тркалезни маси)** на единиците покажува дека во иднина, и покрај трендот на зголемување на овој број, потребен е поголем ангажман на академскиот кадар за нивно организирање(Табела бр. 24).

**Охрабрување и активно вклучување на студентскиот парламент во процесот на одлучување.** И покрај тоа што студентите преку делегирање на свои

претставници во работата на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, Дисциплинската комисија и Комисијата за евалуација се дел од процесот на одлучување, потребно е дополнително да се мотивираат и охрабруваат за нивно поактивно и проактивно учество, особено за политики кои се од нивен интерес (на пример, поттикнување на нивната истражувачка работа, формирање други студентски тела, поголем активизам во надворешни студентски активности и слично). Тоа се однесува како на студентите од прв циклус, така и на студентите од втор и од трет циклус.

**Усогласување на нормативната рамка** и поставување соодветни стандарди и принципи поврзани со наставно-образовната и научно-истражувачката дејност на Факултетот. Факултетот се соочува со предизвикот да ја прошири постоечката правна рамка за одредени прашања, врз основа на која се носат одлуки и политики поврзани со основната дејност. Конкретно, се јавува потреба за донесување интерни акти за класификација на наставните програми во соодветни научни области и подрачја, за поставување на соодветни критериуми за избор во одредени комисии за оцена на магистерски и докторски тези, во комисии за предметни програми и слично, за да се допрецизираат основните законски текстови кои, на општ начин, ги регулираат тие прашања.

**Развој на можности за волонтирање и практикување во одредени институции на актуелните и на дипломираните студенти.** Факултетот треба да развива соодветни политики за развој на младите и за создавање соодветни можности за нивно волонтирање, односно практицирање во соодветни институции по дипломирањето со цел да бидат повеќе конкурентни на пазарот на труд. Исто така, се јавува потреба од наметнување одредени решенија за зголемување на значењето и потребата од самата професија и профил на кадар од областа на безбедноста на пазарот на труд во нашата земја.

## НАСТАВА И УЧЕЊЕ

Во делот на настава и учење на Факултетот за безбедност-Скопје, посебно се разгледани неколку аспекти како што се процедури за обезбедување на квалитет на студиските програми, квалитет на академскиот кадар, процедури за оценување на студентите, процедури за соодветно информирање на студентите, квалитет на материјално технички ресурси и меѓународна соработка насите циклуси на студии.

III.Во однос на **позитивните страни**, може да се акцентираат:

**Процедури за обезбедување на квалитет на студиските програми** – Во насока на утврдување на процедури за обезбедување на квалитет на студиските програми донесени се акти на Одборот за акредитација, кои ги потврдуваат квалитетно изготвените студиски програми на факултетот. Постоењето на Правилници за студирање за секој циклус поединечно (прв, втор и трет циклус) со детално утврдување на правилата на студирање на соодветниот циклус и Правилник за ЕКТС се дополнителен начин преку кои се обезбедува квалитет на студиските програми. Самостојната евалуација која се спроведува во континуитет е исто така постапка за обезбедување на квалитет на студиските програми, преку уважување на забелешките на студентите за подигнување на квалитетот на соодветната студиска програма (кои иако се значајни мал дел од нив се имплементираат).

Изработката на **нови студиски програми** на Факултетот се темели врз Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските

програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии,којшто е во согласност со прифатените европски стандарди. Во таа смисла, **едно од барањата е и задолжително наведување на целта за креирање нова студиска програма**, која треба да биде **во согласност со мисијата и визијата на Факултетот** Дополнително, посебно е важно да се нагласи **потребата и бенефитот од вклучување на работодавачите и Alumni здруженијата во испитувањето на потребите на пазарот на трудот** и утврдувањето на **дескрипторите на резултатите од учењето, а за постигнување на одржливоста во вработувањето.** Како позитивен пример може да се издвои дебатите кои ги организира Факултетот за безбедност со институциите во кои дипломираните студенти можат да го најдат своето вработување.

**Улогата на студентите во изработката и прифаќањето на студиските програми**, се манифестира преку вклучување на нивното мислење за квалитетот на студиските програми добиено при студентското анкетирање, (Табела бр.1)како и нивното учество во органите каде истите се одобруваат, како што се Деканатската управа и Наставно-научниот совет.

Анализата на **одговорите на студентите укажува на генерално позитивна оценка за квалитетот на студиските програми**. Имено, со висока усогласеност студентите позитивно се изјаснуваат по однос на тврдењата дека **програмата овозможува стекнување на соодветни знаења и вештини во согласност со стручниот профил, дека предавањата се квалитетни и дека програмата е современа и атрактивна. Помала усогласеност има на одговорите коишто се однесуваат на соодветната застапеност на практичниот дел од вежбите и нивното оспособување за практична работа.**

Врз основа на мислењата на студентите може да се заклучи дека **постои потреба од: ревизија на наставниот материјал заради непотребното повторување на исти теми и тематски целини кај некои предмети, дополнителни содржини за оформување на стручниот профил, како и поголема, но и квалитативно поосмислена застапеност на практичната настава.**

Поради тоа, потребни се **дополнителни активности од страна на Факултетот поврзани со реализација на практичната настава на студентите - склучување договори со соодветни институции каде би се изведувала практичната настава од регионот, но и пошироко, обезбедување на транспорт на студентите до истите, вклучување на признати стручни лица од праксата во наставно-образовниот процес, создавање на содржина на практичната настава и одредување на основни компетенции коишто студентот треба да ги стекне во однос на практичниот дел на наставната дисциплина и проверка на реализираните активности, реализација и супервизија на редовноста на изведувањето на истата и сл.**

**Квалитет на академскиот кадар** - Во насока на утврдување на квалитетот на академскиот кадар се изготвуваат студентски анкети за евалуација на академскиот кадар. Резултатите од анкетата за внатрешната самоевалуација покажуваат позитивни оценки за академскиот кадар во однос на одредени елементи поврзани со коректниот и позитивниот однос на наставниците, навременост, квалитетот на одржаната настава, материјалот и темите предвидени на наставата, но и ангажираноста на наставничкиот и соработничкиот кадар во поглед на овозможување на интерактивна и практична настава за студентите.

**По завршување на секој семестар спроведена е студентска анкета за ангажманот на предметниот професор околу реализаицјата на предметната програма. Анкетирани се вкупно 35 предменти професори според студентите истите се оценети со просечна оценка 4,56.**

Позитивни се оценките и во поглед на учебниците и учебните помагала кои се користат за предметите предвидени во секоја студиска програма. Во прилог на квалитетот на академскиот кадар оди и големиот број на објавени научни и стручни трудови во домашни и меѓународни научни и стручни списанија и публикации.

**Процедури за оценување на студентите -** Со цел воспоставување на процедури на оценување на студентите постојат Правилници за студирање на прв, втор и трет циклус на студии и Правилник за ЕКТС за прв, втор и трет циклус донесени од страна на Универзитетот Св.„Климент Охридски"-Битола кои им се достапни во електронска и печатена верзија на студентите. Процедура за оценување на студентите се прилагодува и адаптира согласно потребите на секој предмет и истата се предвидува во Плановите и извештаите за реализација на предметните програми.

**Процедури за соодветно информирање на студентите –** Информирањето на студентите воглавно се одвива преку постоење на интернет страница на Факултетот за безбедност на која може да се најдат податоци како во поглед на студирањето, соопштенија во поглед одржување на настава, распореди на колоквиуми и испити, за одржување на предавања од домашни и странски експерти, презентации во поглед на доделување на стипендии и други видови на корисни информации за студентите. Покрај електронското информирање на студентите, на огласна табла на неколку видни места на факултетот се поставуваат важни соопштенија и информации за студентите. Покрај електронскиот начин на информирање, студентите имаат можност преку одржување на усни презентации да се запознаат со можноста за избирање на изборни предмети и насоки на соодветната студиска програма.

**Квалитет на материјално технички ресурси –** Постоење на задоволителен дидактички простор (иако со наголемување на бројот на студиските програми не е доволен), поседување на аудио-визуелна опрема за спроведување на наставата, постоење на компјутерска просторија, интернет приклучоци, пристап до информациски бази и просечен библиотечен фонд.

**Меѓународна соработка –** Академскиот кадар на Факултетот за безбедност- Скопје е активен и учествува во реализација на одредени меѓународни проекти и истражувања. Отсуствува учеството на европските проекти делумно поради недоволна информираност и исполнети предуслови за учество во дел од нив. Мора да се нагласи интензивната соработка на Факултетот со одредени факултети од регионот во делот на организирање на меѓународни конференции, спроведување на заеднички научно истражувачки проекти и предавања од страна на академскиот кадар.

IV.Во делот на наставата и учењето, воспоставување процедури и стандарди за квалитет, Факултетот за безбедност-Скопје се соочува и со бројни предизвици кои се обидува да ги надмине во рамки на своите човечки и материјални услови:

**Воспоставување на дополнителни процедури за обезбедување на квалитет на студиските програми.** Покрај постоечките акти за акредитација на студиските програми и во таа насока усвоени правилници, потребно е во континуитет преку студентските анкети за евалуација постојано да се евалуира квалитетот на студиските програми и да се уважуваат и имплементираат нивните забелешки во поглед на квалитетот и структурата на студиските програми. Во дополнение, се јавува потреба за интегрирање на барањата на институциите кои се потенцијални работодавачи на дипломираните студенти.

**Со цел подобрување на квалитетот на академскиот кадар потребно е стимулирање на наставничкиот кадар за мобилност на европските универзитети од соодветната област, со цел продлабочување на своите знаење, усвојување на нови дидактички методи и техники и спроведување на заеднички научноистражувачки проекти.**

Постоечката процедура за оценување на студентите потребно е да се ревидира, со оглед дека постоечкиот ЕКТС систем покажа одредени слабости поради непостоење на некои предуслови за негово успешно спроведување.

Квалитетот на организацијата и функционирањето на факултетот зависи и од начинот на информирање на студентите за значајните прашања поврзани со студирањето. Од таа причина потребно е воспоставување на поинтензивен и подетален начин на информирање на студентите, особено на студентите од втор и трет циклус на студии.

**Факултетот за безбедност- Скопје се соочува со предизвикот за адаптирање на дидактички простор, особено по акредитацијата на двете нови студиски програми од прв циклус (криминологија со криминална политика и безбедност). Во таа насока управата на Факултетот се соочува со потребата за дислокација на Факултетот за безбедност-Скопје со цел овозможување поголем капацитет за одржување на настава и поголема пристапност до студентите.**Нужно се наметнува и потребата за промена на одреден дел од аудио-визуелната опрема поради нивната амортизираност и набавка на нова посовремена опрема со помош на Универзитетот Св. Климент Охридски, претплата за пристап до поголем број на информациски бази и зголемување на библиотечниот фонд со поголем број на странска литература.

**Меѓународната соработка е клучна во подигнување и на квалитетот на академскиот кадар но и на наставата на Факултетот за безбедност.** Покрај постоечката меѓународна соработка со одредени факултети и институции од земјите од регионот,академскиот кадар и управата се соочуваат со предизвикот за воспоставување на соработка со високо рангирани универзитети и факултети од Европа и пошироко и тоа преку мобилност на студенти, академски и технички кадар. Соработката треба да се однесува како на размена на студенти (иако постои можност преку Еразмус плус),следење на еден семестар или академска година на некој од странските факултети, така и за академскиот кадар во насока на усовршување, спроведување на научно истражувачки проекти или прифаќање на иновативни начини на предавање и оценување.

## АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И КРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ

Она на што се посветува посебно внимание на Факултетот за безбедност е **научноистражувачката дејност**. На Факултетот повеќе години паралелно работат неколку тимови кои извршуваат лонгитудинални истражувања за појави поврзани со безбедноста. Би спомемале дел од нив:

- Ставови на студентите за криминалитетот, 2009, 2012 година
- Ставовите на студентите за криминалитетот и полицијата, 2013 година
- Мислење на граѓаните за корупцијата 2013, 2014, 2015 година;
- Мислење на граѓаните за работењето на полицијата 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година
- Положбата на осудените лица во пенитенцијарните установи 2012, 2013 и 2014 година;
- Мислењето на граѓаните за безбедноста и безбедносните ризици на Република Македонија 2014 година,
- Имплементирањена практиката на Европскиот суд за човекови права во Република Македонија: Стразбур дома или Македонија пред Стразбур

- Улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот, 2012, 2013, 2014 година
- Медиумското покривање на криминалитетот во дневните весници во Република Макединија, 2014, 2015 година
- КОМПОЗИТ: Компаративни полициски студии во ЕУ од Ф57 програмата, 2010 -2014 година
- International crime victimization survey 3, 2014

Бројно е учеството на наставничкиот кадар во научно-истражувачки и апликативни проекти на национално и меѓународно ниво, што може да се забележи во табелата бр.18 од Упатството за определување на индикаторите на квалитет на високообразовна дејсност на Универзитетот „Св. Климент Охридски", Битола, како и објавени близу 100 трудови во научни списанија од страна на наставничкиот кадар за само една година (табела бр.20), што укажува на посветеноста и ангажманот на наставничкиот кадар на планот на истражување и публикување на научните трудови.

Од основањето на Факултетот до денес институцијата бележи унапредување на **наставниот и соработничкиот кадар** во повисоки звања што може да се увиди и од табелата бр. 1 и 2 од Упатството за определување на индикаторите на квалитет на високообразовна дејсност на Универзитетот „Св. Климент Охридски", Битола, каде во последната анализирана година вкупниот број на наставници изнесува 34. Карактеристично е зголемувањето на новоизбрани доценти кои докторирале во последните години и се стекнале со звање доктор на науки. Од осумте асистенти во академска 2012/2103, седум докторирале и се избрани како доценти. Евидентен е и квалитетот на дипломираните студенти со висок просек и тоа најдобриот студент во акадамеска 2012/2013 година имал просечен успех од 9,86, 2013/2014 од 9,77, 2014/2015 од9,31.

Од страна на **студентскиот парламент** организирани се бројни спортски и други рекреативни активности, хуманитарни, крводарителски акции и сл. Секоја година се организираат турнири во повеќе спортски дисциплини и тоа: мал фудбал, пинг-понг, кошарка, при што најдобрите екипи и поединци се одликувани со Благодарници.Од страна на студентскиот парламент беа организирани повеќе хуманитарни акции и тоа: собирање на топла облека и истата е предадена на Црвениот крст на Република Македонија, организиран е натпревар во стрелаштво со paintball оружје, при што учесниците за секое испукување донираа по 50 ден. Собраните средства беа искористени за купување на грејно тело за социјално загрозено семејство.
Традиционално секој семестар или два пати годишно, студентскиот парламент организира крводарителска акција при што се донира крв за потребите на Заводот за трансфузиологија. Исто така, два пати годишно се организира и традиционална планинарска тура до планинарскиот дом „Китка".

На секоја конференција, дебата организирана од страна на факултетот учествуваат и претставници на студентскиот парламент. Евидентна е активноста на студентите и во делот на меѓународната соработка. Учество на претставници на студентски парламент на семинари на факултети на другите земји од Европа, посета на меѓународни безбедносни институции. Во академска 2013-2014 година во организација на Сектор за јавна дипломатија на НАТО организирана е студиска посета на студенти од јавните високообразовни институции од Република Македонија од областа на безбедноста на седиштето на НАТО во Брисел. За време на посетата, студентите имаа можност за се запознаат со функционирањето на меѓународната безбедносна институција, како и да земат активно учество во дебати на актуелни теми од областа на безбедноста со останатите студенти од другите факултети.

Активно е учеството на претставници на студентскиот парламент во органите и телата на Факултетот за безбедност со право на гласање и донесување на одлуки во следниве тела и тоа: Наставно-научен совет со тројца претставници, Деканатска управа со еден претставник, Дисциплинска комисија со еден претставник и еден заменик и Комисија за самоевалуација на ниво на единицата со еден претставник.

Она што го карактеризира наставничкиот кадар на Факултетот е учество на бројни домашни и **меѓународни конференции** и научно-истражувачки проекти, како и организирање на дебати на актуелни теми од областа на безбедноста на која учествуваат повеќе научно-истражувачки институции кои се занимаваат со безбедноста, државни институциии чија основна дејност им е безбедноста како и пошироката научна и стручна јавност.

Факултетот во изминатите шест години успешно организираше меѓународна-научна конференција во Охрид, со меѓународен одбор и издавање на зборник на трудови. Она што ја карактеризира конференцијата е секоја година поголемиот интерес на учесници од странство од Европа и пошироко кои имаат можност да ги презентираат своите тудови од спроведени научни истражувања на определни теми од областа на безбедноста. Зборникот на трудови од 2012 година, кои се позитивно рецензирани и презентирани на конференцијата во Охрид, електронски е објавен во базата на EBSCO –меѓународна база за пребарување на стручна литература.

Факултетот за безбедност во рамките **на меѓународната соработка** има склучено меморандуми за соработка со повеќе високо-образовни институции од областа на безбедноста, криминалистиката, криминологијата и полициските науки во регионот и пошироко. Членка е на Асоцијацијата не европски полициски колеџи, во чии рамки учествува во бројни манифестации во повеќе држави од Европа.

Наставниот кадар во континуитет секоја година, **издава учебници, скрипти, учебни помагала**. Евидентен е зголемениот фонд на издадени скрипти, книги, практикуми и други помагала во последните три години, што може да се забележи од Табела бр. 18 Упатството за определување на индикаторите на квалитет на високообразовна дејсност на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола. Во последните години, Факултетот обезбедува основна литература за секоја предметна програма, пред сè од наставничкиот кадар, а дел од литературата се надополнува со публикации од други автори во соодветните области. Исто така, дел од литературата е надополнета со публикации од странски автори, голем број наслови од преведените стручни книги во рамките на проектот на Владата за превод на странска стручна литература. Во библиотеката на Факултетот за студентитесе достапни 12 000 наслови на стучна литература, класифицирани според соодветните области.

Факултетот се соочува со проблемот на **недостаток на соработнички кадар**. Во моментот Факултетот има еден асистент, што има одредено негативно влијание за развојот на институцијата во наредниот период, односно во перспектива не дава можности во подмладување на кадарот и за зголемување на наставничкиот и соработничкиот кадар на институцијата во одредени области. Поради тоа, потребно е ангажирање на дополнителни соработници - асистенти кои би ги спроведувале часовите за вежби по соодветни предметни програми, а со тоа се отвора можност за нивен натамошен избор во повисоки звања.

## ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ

Општествената оправданост се согледува преку информациите за јавноста, стратегиските цели за доживотно учење како и популаризација на научноистражувачките и креативни активности.

**Информациите за јавноста** се пренесуваат преку веб страната на Факултет за безбедност – Скопје која содржи, информации за Факултетот (мисија, локација, организација, активности, најнови вести, соопштенија), информации за образовниот систем, наставната програма и наставниот кадар. Со помош на оваа web страна нашите студентите можат да се информираат за нивните активности, задолженија, резултати и исто така да дојдат до општи информации за начинот на студирање, уписите, распоредот на часови и распоредот на испити. Истата е подложна на промени и адаптирање согласно потребите, а во функција на дејноста на институцијата.

**Програмите и проектите за усовршување** на наставниот кадар се препознаваат преку учество на голем број на научни конференции во земјата и странство и објавени научно-стручни трудови. Исто така, тука влегуваат и големиот број реализирани проекти од национален интерес во организација на Факултетот за безбедност – Скопје.

**Популаризација на научно-истражувачките и креативни активности** на наставниот кадар е проследено преку јавни дебати и интервјуа во медиумите и голема афирмација на Факултетот за безбедност – Скопје. Сите настани (конференции, тркалезни маси, стручни расправи и сл.) се медиумски покриени од голем број национални ТВ куќи и весници.

## SWOT анализа на постојните карактеристики на четирите области на работење

| Позитивни страни или потенцијал да бидат позитивни страни | *Силни страни (S)* | *Слабости (W)* | негативни страни или потенцијал да бидат |
|---|---|---|---|
| | • Можност за индивидуален и за колективен развој на наставниот кадар<br>• Политика за поголема соработка и тимска работа меѓу вработените на Факултетот<br>• Воведување систем за електронско водење на студентско досие<br>• Подобрување на материјалн-техничките услови □Зголемување на човечките капацитети.<br>• Постоење на акти за акредитација и правилници за студирање на сите циклуси на студии и студиски програми како и за ЕКТС<br>• Позитивна студентска анкета за квалитетотна академскиот кадар<br>• Постоење на детаљна процедура за начин на оценување на студентите □Брз и ефикасен електронски начин на информирање на студентите □Меѓународна соработка со универзитети и факултети од соседството<br>• Присуство на голем број на научни конференции и проекти од страна на наставниот кадар во земјата и во странство<br>• Повеќегодишно успешно организирање на меѓународна научна конференција од областа на безбедноста<br>• Солиден фонд на стручна литература на наставниот кадар □Достапност на наставниот и соработничкиот кадар за студентите<br>• Библиотечен фонд со над 12 000 наслови достапни за | • Ограничени можности за зголемување на бројот на соработничкиот кадар<br>• Недоволен дидактички простор<br>• Амортизирана аудио-визуелна опрема за одржување на настава<br>• Недоволна ангажираност на наставничкиот кадар на европски научно истражувачки проекти<br>• Недоволна мобилност на академскиот кадар во насока на нивно стручно доусовршувањеНедоволна финансиска подршка во научноистражувачката работа<br>• Не е остварена конкретна соработка како подршка на стопанството иако за тоа постои План за соработка<br>• Оддалеченост на факултетот од центарот на Скопје | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | студентите<br>• Успешна меѓународна соработка како членка на Асоцијација на европски полициски колеџи<br>• Информирање на студентитеза нивните активности, задолженија и резултати.<br>• Општи информации за начинот на студирање, уписите, распоредот на часови и распоредот на испити.<br>• Информирање на јавноста за образовниот систем и предметните програми.<br>• Информирање на студентите и јавноста за активностите на наставниот кадар. | | |

| ***Можности (О)*** | ***Опасности и закани (Т)*** |
| --- | --- |
| • Основање центар за научно-истражувачка дејност на Факултетот<br>• Развој на систем за внатрешна евалуација на квалитетот на студиските програми за сите циклуси на студии<br>• Подобрување и услогласување на правната рамка на нормираност на одредени прашања поврзани со наставната и научно-истражувачката дејност.<br>• Поставување на нови процедури за обезбедување на квалитет на студиските програми<br>• Охрабрување и поттикнување на студентите за нивно поактивно учество во процесот на одлучување<br>• Континуирано подобрување на начинот на информирање на студентите<br>• Интезивирање на меѓународната соработка.<br>• Афирмација на факултетот преку јавни дебати и интервјуа.<br>• Поголема соработка помеѓу наставниот кадар и министерства, владини и невладини организации. | • Зголемување на конкурентноста на академски студии од областа на безбедноста на други Универзитети<br>• Зависност на распределбата на буџетските средства и нивното исплаќање од владините политики<br>• Отсуство на финансиска поддршка за научно истражувачки проекти и мобилност на академскиот кадар кои се неопходна алка за подигнување на нивниот квалитет и квалитетот на самиот факултет и воедно на универзитетот<br>• Опасност од злоупотреба на социјалните мрежи и јавните дебати од страна на наставниот кадар.<br>• Неможност за вработување-презаситување на пазарот со кадар |

| | |
| --- | --- |
| • Поголемо учество на наставниот кадар на научни истражувања и проекти од меѓународни размери<br>• Утврдување на можности за поблизок контакти и информирање на студентите од страна на наставниот кадар преку новите совремни форми на интернет комуникација.<br>• Електронско пребарување на изданијата во библиотека и други бази на стучна литература<br>• Опременост на дидактички простор со соодветна опрема<br>• Потреба од воведување верзија на веб страната на англиски јазик. | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Подобра систематизација на веб страната во делот на соопштенијата за студентите.<br>- Неискористување на европските фондови за спроведување на истражувања | | |
| | | | |

## ЗАКЛУЧОК

Имајќи ги предвид сите наведени податоци и параметри, содржани во претходните точки на овој документ, Факултетот за безбедност-Скопје, може да се издвои како позитивен пример во рамките на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ од Битола.

Како најзначајни индикатори за капацитетот на факултетот, во контекст на неговиот развој и одржливоста на истиот, можат да се истакнат политиката на факултетот да инвестира во својот човечки капитал, давањето поддршка на издавачката дејност и промоцијата на факултетот преку учеството на неговите вработени на научни и стручни настани во земјата, регионот и пошироко, како и преку препознатливоста на факултетот преку меѓународната научна конференција на безбедносни теми којашто традиционално се одржува во Охрид и репутацијата која ја ужива факултетот во рамките на формираните мрежи за соработка на национално и меѓународно ниво.

Во текот на годините, а особено во периодот кој е предмет на самоевалуацијата, факултетот ја оправда својата одржливост со развивање и акредитирање на нови студиски програми во сите циклуси на студии. На тој начин, факултетот стана поконкурентен на понудата во рамките на високообразовните студии од областа на безбедноста и сродните дисциплини.Факултетот, согласно можностите, инвестира во опремување и доопремување на деловите од наставата поврзани со нејзиниот апликативен дел и во техничката опрема и помагала, неопходни за изведување на наставниот процес. Факултетот, како интегрирана единица на универзитетот, во последно време започна да воведува современи решенија за админстрирање и евиденција, но придобивките од тоа краткорочно не се видливи, а впечатокот на вработените е дека административните и евиденционите процедури се усложнети.

Забележливо е дека постои тренд на користење на контактите на менаџментот, но најчесто на приватните контакти на вработените, заради воспоствување поширока интеринституционална соработка, особено со институциите кои се целна група за идно вработување на дипломираните студенти на сите студиски програми, на вториот и на третиот циклус студии. Оттука, насоките во идниот развој на институцијата се однесуваат на препознавање на лобирањето и користењето на секоја можност за промоција на факултетот, особено пред раководителите на сите релевантни институции кои се заинтересирани за вработување на студентите и за активности поврзани со истражување и иновации. Врз основа на претходните искуства, како заклучок кој оди во прилог на одржливоста и развојот на факултетот, неопходна е политичка поддршка за вработување на завршените студенти и за препознавање на профилот на студиите на факултетот.

Факултетот, покрај интенцијата на универзитетот за формирање на центри за истражување - на ниво на универзитет и на ниво на единици, треба да инвестира во развој на истражувачката дејност преку користење на европските и други фондови на финансирање на проектите и на другите научноистражувачки активности. Оттука, треба да се стимулира формирање на мали тимови (од 3-4 истражувачи) по специјалности поврзани со полињата на истражување на

наставниците, соработниците и другиот ангажиран кадар. Мобилноста на наставничко-соработничкиот кадар е условена од препознавањето на европските можности во оваа област, но и од недоволните финансиски средства за научно-истражувачко усовршување и заедничко учество во Еразмус плус програмата, како што се потребите да се задоволат одредени стандарди поврзани со степенот на познавање на англискиот јазик, за кои повторно се потребни финансиски средства а истите важат само две години - во случајот со ТОЕФЛ.

Акцискиот план даден во прилог (прилог бр. 5 ) со капацитетот за промени со точно утврдени активности, рокови, одговорни лица и индикатори за квалитет на имплементацијата, е всушност, институционална реакција на детекрираните обележја на работењето.

Во насока да се слушне гласот на студентите, а особено преку Студентскиот парламент и преку постоечките можности за нивна партиципација во телата и во органите на факултетот, неопходно е да се охрабрат истите активно да придонесуваат во идентификување на нивните потреби и во формулирање на нивните барања.

# ПРИЛОЗИ

Прилог 1- Прв циклус студии
Прилог 2 - Втор циклус студии
Прилог 3 - Трет циклус студии
Прилог 4 - Индикатори на квалитет на Факултетот за безбедност Скопје, за период 2012/2016
Прилог 5 - Акциски план

04.05.2017 година

Скопје

*Комисија за самоевалуација:*

Проф. д-р Марјан Николовски-Председател

Проф. д-р Искра Аќимовска-Малетиќ-член

Доц. д-р Весна Стефановска-член

Доц. д-р Раде Рајковчевски-член

Доц. д-р Наташа Јованова-член

Доц. д-р Ице Илиевски-член

Студент Ангела Мицевска-член